**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
# НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** Првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Материјалот не е од доверлив карактер

**Итност на материјалот :** итен

**Прилог:** 80 примероци од Предлогот

| | |
|---|---|
| **Дата на доставување на материјалот: .02.2011** | **Министер,**<br>**Никола Тодоров** |

**Изготвил Емилија Андовска**

**Контролирал Милка Масникоса**

**Одобрил Стојанчо Стојковски**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

# *М Е М О Р А Н Д У М*

## ПРЕДЛОГ НА
## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**ПОТПИС:** ______________________________

Скопје, февруари 2011 година

**1.Осврт по материјалот:**

Со Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10 и 156/10) системски се уредува организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование што се остварува во средните училишта, како дел од системот на воспитанието и образованието.

Со Законот за средното образование се создадоа нормативно-правни претпоставки за остварување на следните цели на средното воспитание и образование:

- стекнување на знаења и компетенции што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование,
- интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности,
- развивање на општите и стручните способностите на учениците,
- воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,
- воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции,
- вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби,
- развивање на надареноста на учениците во различни области и
- унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

Заради целосно и посеопфатно остварување на овие цели, неопходно е натамошно развивање и подобрување на системот на средното образование со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи поголем развој на воспитната компонента во реализацијата на средното образование.

Со започнувањето на примената на Законот за средното образование во практиката се покажаа дека има потреба да се дорегулира задолжителноста на реализацијата на дополнителната и додатната настава за учениците. Дополнителната настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а додатната настава за учениците кои постигнуваат

значителни резултати по одделни наставни предмети (за талентираните ученици). Ова е заради постигнување на поголем успех на учениците и подобрување на квалитетот на наставата.

Исто така, со цел да се зголеми успехот на учениците, како и да се надминат одредени ситуации кога родителите не се запознаени со успехот на нивното дете, или од одредени причини не покажуваат доволно грижа за напредокот во учењето на нивните деца-ученици, истите ќе се упатуваат на советување. Советувањето на родителот односно старателот ќе го врши психологот во училиштето согласно Програмата за советување на родители, која на предлог на Педагошката служба ја донесува министерот за образование и наука.

Со оглед дека главни носители на воспитно-образовната дејност во средните училишта се наставниците, со овие измени и дополнувања на Законот за средното образование во неколку сегменти се зголемува квалитетот и капацитетите на наставниците при реализацијата на наставата и воннаставните активности. За оние лица кое се стекнале со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, ќе може да се вработат во средно образование само доколку се стекнат со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи. Акредитација на високообразовни установи кои ќе вршат настава и полагање на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка ќе ја врши министерот за образование и наука.

Како втор сегмент за зајакнување на квалитетот на наставниот кадар во средните училишта, на наставникот приправник по истекот на приправничкиот стаж, како составен дел од стручниот (приправнички) испит ќе му се врши проценка на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста). Тестот на личноста ќе го подготвува и ќе спроведува Педагошката служба. Исто така и за наставникот кој покажува незадоволителни резултати во работата, или постои оправдано сомневање за неговата психичка здравствена ќе му се врши проценка на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста).

Оттука, се цени дека е потребна измена и дополнување на постојните одредби на Законот средното образование.

**2.Разгледани можни решенија ( за-против аргументи):**

Со членот 1 од Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование на членот 10 се додава нов став 7 со кои се дава можност општината, односно Владата на Република Македонија да основа меѓународно јавно училиште во кое наставате ќе се остварува на странски јазик, а со цел учениците уште од прво одделение да започнат со интензивно изучување на странскиот јазик преку следење на наставата по сите наставни предмети.

Со членот 2 со кои се додава нов член 48-а со кој се пропишува за кои ученици дополнителната настава е задолжителна, како и дека ученикот упатен на дополнителна настава во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмногу по два наставни предмети со најмногу четири наставни часови по наставен предмет. За упатувањето на ученикот на дополнителна настава наставникот задолжително го известува неговиот родител, односно старател.

Со членот 3 се додава нов член 51-а со кој се регулира дека додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Додатната настава за талентираните ученици наставникот е должен да им ја понуди, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатна настава. Се додава нов член 51-б со кој се задолжува средното училиштето најдоцна до 20 септември во тековната учебна година да истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот да го достави до Државниот просветен инспекторат. Исто така се пропишува дека наставникот кој нема да ја реализира дополнителна и додатна настава согласно распоредот ќе се поведе постапка за дисциплински престап. За утврден дисциплински престап на наставникот ќе му се изрекче дисциплинска мерка парична казна од 10 % до 30% од едномесечниот износ на нето платата исплатена на јавниот службеник во месецот пред извршување на дисциплинскиот престап, во траење од три до шест месеци.

Со членот 4 од овој закон се додаваат нова глава V-а „Советување на родители“ и шест нови члена 58-а, 58-б, 58-в, 58-г, 58-д и 58-ѓ, кои пропишуваат дека родител односно старател ќе се упати на советување ако ученикот во текот на наставната година имал негативна оценка по три или повеќе предмети, ако ученикот имал направено одреден број неоправдани или оправдани изостаноци;

ако ученикот бил недисциплиниран; ученикот го навредил наставникот; ученикот учествувал во тепачки или други форми на насилство; ученикот покажувал асоцијално или антисоцијално однесување; ученикот се однесувал неморално или неетички; во краток период на ученикот значително му опаднал успехот. Во наведениве случаи одделенскиот, односно раководителот на паралелката задолжително повикува на советување најмалку еден родител, односно старател на ученикот со покана упатена преку телефон, по пошта или со лична достава. Ако поканата се однесува за асоцијално или антисоцијално однесување на ученикот, односно неморално или неетичко однесување на ученикот, пред да се испрати поканата се бара стручно мислење од Педагошката служба (член 58-а).

Со членот 58-б се регилира дека советувањето на родителите го врши психологот во училиштето, а ако во училиштето нема вработено психолог, тогаш советувањето го врши педагогот. Советувањето се врши во групи согласно неделниот и месечниот план и бројот на родителите во групите не може да биде поголем од 20. Советувањето се реализира во два термина во траење од 60 минути. На советувањето на родителот односно старателот, педагогот, односно психологот е должен да постапува согласно Програмата за советување на родители, која на предлог на Педагошката служба ја донесува министерот.

За одржаното советување на родителот, односно старателот, психологот, односно педагогот води записник со листа на присуство (член 58-в). Ако родителот, односно старателот повеќе од четири пати се повикува на советување, на секое следно советување присуствува и претставник од Педагошката служба (член 58-г). Ако родителот, односно старателот не се јави на советувањето и по третата покана се известува Центарот за социјални работи (член 58-д). Педагошката служба, за родителите кои на се јавиле на поканата за советување и истите не го оправдале своето отсуство поднесува предлог за поведување на прекршочна постапка (член 58-ѓ).

Со членот 5 од овој закон со кој се менува ставот 5 на членот 59 се пропишува дека лицето кое се стекнало со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, може да се вработи во средно образование само доколку се стекне со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи. Акредитација на високообразовни установи кои ќе вршат настава и полагање на испити за стекнување

на педагошко-психолошка и методска подготовка ја врши министерот за образование и наука.

Со членот 6 во членот 67 по ставот (2) се додаваат нов ставови (3), (4), (5), (6) и (7) со кој се регулира дека на приправникот по истекот на приправничкиот стаж, а пред полагањето на стручниот испит, му се врши проценка на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста). Услов за полагање на стручен испите е приправникот да има положено тест на личноста, за што Педагошката служба му издава потврда.Тестот на личноста го подготвува и спроведува Педагошката служба.

Со членот 8 се воведува обврска за основното училиште дневникот на паралелката да го води и во електронска форма (е-дневник).

Со членот 9 се регулира правна празнина, односно се уредува дека за државните средни училишта министерот именува вршител на должноста директор во случаите кога на директорот предвремено му е прекинат мандатот.

Со членот 10 се допрецизира одредба од членот 108, односно се допрецизира дека едукацијата за сторена неправилност ќе се врши само доколку лицето за прв пат ја направило.

Се додава и нова алинеја и нови ставови во делот на прекршоците во членот 109 од законот, односно ќе се казни средното училиште и директорот ако не истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот не го достави до Државниот просветен инспекторат. Исто така глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родителот, односно на старателот ако не се јави во утврдениот термин за советување по втората упатена покана и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родителот, односно на старателот ако не се јави во утврдениот термин за советување по третата упатена покана (член 11).

Со членот 12 се утврдува рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон за донесување на подзаконските акти предвидени во овој закон.

Со оглед дека со овој закон се врши четврто изменување и дополнување на одредбите на Законот за средното образование со членот 13 се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за средното образование. Со членот 14 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Министерство за финансии

Секретаријатот за законодавство

Министерство за правда

.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Владата на Република Македонија да го утврди текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Овој закон не предизвикува финансиски имликации.

**6. Очекувани влијанија:**

Основна цел на предложеното изменување и дополнување на Законот за средното образование е натамошно развивање и подобрување на системот на средното образование со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи поголем развој на воспитната компонента во реализацијата на средното образование, а со тоа и зголемување на квалитетот на образованието.

.

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

**8.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Основна цел на предложеното изменување и дополнување на Законот за средното образование е натамошно развивање и подобрување на системот на средното образование со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи поголем развој на воспитната компонента во реализацијата на средното образование, а со тоа и зголемување на квалитетот на образованието.

Оттука, се цени дека е потребна изменување и дополнување на постојните одредби на Законот за средното образование.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

---

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, февруари 2011 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Со Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10 и 156/10) системски се уредува организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование што се остварува во средните училишта, како дел од системот на воспитанието и образованието.

Со Законот за средното образование се создадоа нормативно-правни претпоставки за остварување на следните цели на средното воспитание и образование:

- стекнување на знаења и компетенции што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование,
- интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности,
- развивање на општите и стручните способностите на учениците,
- воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,
- воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции,
- вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби,
- развивање на надареноста на учениците во различни области и
- унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

Заради целосно и посеопфатно остварување на овие цели, неопходно е натамошно развивање и подобрување на системот на средното образование со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи поголем развој на воспитната компонента во реализацијата на средното образование.

Со започнувањето на примената на Законот за средното образование во практиката се покажаа дека има потреба да се дорегулира задолжителноста на

реализацијата на дополнителната и додатната настава за учениците. Дополнителната настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а додатната настава за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (за талентираните ученици). Ова е заради постигнување на поголем успех на учениците и подобрување на квалитетот на наставата.

Исто така, со цел да се зголеми успехот на учениците, како и да се надминат одредени ситуации кога родителите не се запознаени со успехот на нивното дете, или од одредени причини не покажуваат доволно грижа за напредокот во учењето на нивните деца-ученици, истите ќе се упатуваат на советување. Советувањето на родителот односно старателот ќе го врши психологот во училиштето согласно Програмата за советување на родители, која на предлог на Педагошката служба ја донесува министерот за образование и наука.

Со оглед дека главни носители на воспитно-образовната дејност во средните училишта се наставниците, со овие измени и дополнувања на Законот за средното образование во неколку сегменти се зголемува квалитетот и капацитетите на наставниците при реализацијата на наставата и вonнаставните сктивности. За оние лица кое се стекнале со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, ќе може да се вработат во средно образование, освен во одделенска настава, само доколку се стекнат со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи. Акредитација на високообразовни установи кои ќе вршат настава и полагање на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка ќе ја врши министерот за образование и наука.

Како втор сегмент за зајакнување на квалитетот на наставниот кадар во средните училишта, на наставникот приправник по истекот на приправничкиот стаж, како составен дел од стручниот (приправнички) испит ќе му се врши проценка на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста). Тестот на личноста ќе го подготвува и ќе спроведува Педагошката служба. Исто така и за наставникот кој покажува незадоволителни резултати во работата, или постои оправдано сомневање за неговата психичка здравствена ќе му се врши проценка на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест

на личноста).

Оттука, се цени дека е потребна измена и дополнување на постојните одредби на Законот средното образование.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложеното изменување и дополнување на Законот за средното образование е натамошно развивање и подобрување на системот на средното образование со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи поголем развој на воспитната компонента во реализацијата на средното образование, а со тоа и зголемување на квалитетот на образованието..

Предлог -законот за измена на Законот за средното образование се заснова на следните начела:

- обезбедување квалитет во остварувањето на средното образование;
- обезбедување на еднаков пристап за сите ученици во средното образование;
- економичност и ефикасност;
- одмереност и праведност при изрекување на казните за сторените прекршоци.

Предложената измена ги содржи следните решенија:

- регулирање на реализацијата на дополнителната и додатната настава за учениците,
- се воведува советување за родители, односно старатели на ученици,
- се воведува државен испит како услов за вработување во средно училишта,
- се воведува за нмаставниците проценка на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста),

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој закон нема да предизвикува финансиски импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ

СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/2010, 116/10 и 156/10), во членот 10 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Општината, Градот Скопје, односно Владата може да основа и меѓународно јавно училиште во кое се остваруваат наставени планови и програми на некој од светските странски јазици (англиски, француски, германски), кои на предлог на Бирото, односно Центарот за стручно образование и обука, ги донесува министерот.

Член 2

Во членот 48 се додава нов член 48-а, кој гласи:

„Член 48-а

(1) Дополнителна настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако:

- имаат најмалку две слаби оценки;
- имаат слаби резултати по одреден наставен предмет;
- отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и
- на барање на ученикот или неговиот родител, односно старател.

(2) Наставникот кој ја реализира наставата по наставниот предмет ги задолжува учениците од алинеја 1 на ставот (1) на овој член за посета на дополнителна настава, а за учениците од алинеите 2 и 3 на став (1) на овој член дополнителна настава се организира по оценка на наставникот.

(3) Ученикот упатен на дополнителна настава во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмногу по два наставни предмети со најмногу четири наставни часови по наставен предмет.

(4) Доколку ученикот за кој наставникот одредил задолжителна дополнителна настава не ги посетува часовите по дополнителна настава, ученикот добива неоправдан изостанок.

(5) За упатувањето на ученикот на дополнителна настава наставникот задолжително го известува родителот, односно старателот.“

Член 3

По членот 51 се додаваат два нови члена 51-а и 51-б, кои гласат:

„Член 51-а

(1) Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици).

(2) Додатната настава за учениците од ставот (1) на овој член наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатна настава.“

Член 51-б

(1) Јавното средно училиште најдоцна до 20 септември во тековната учебна година треба да истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот да го достави до Државниот просветен инспекторат.

(2) За наставникот кој неоправдано нема да ја реализира дополнителна и додатна настава согласно распоредот од ставот (1) на овој член ќе се поведе постапка за дисциплински престап.

(3) За дисциплинскиот престап од ставот (2) на овој член на наставникот му се изрекува дисциплинска мерка парична казна од 10 % до 30% од едномесечниот износ на нето платата исплатена на јавниот службеник во месецот пред извршување на дисциплинскиот престап, во траење од три до шест месеци.“

Член 4

По членот 58 се додава нова глава V-а со шест нови члена 58-а, 58-б, 58-в, 58-г, 58-д и 58-ѓ, кои гласат:

„V-а. СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

Член 58-а

(1) Родителот односно старателот се упатува на советување ако:

- ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе предмети;

- ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци;

- ученикот е недисциплиниран;

- ученикот го навреди наставникот;

- ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство;

- ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување;

- ученикот се однесува неморално или неетички;

- во краток период на ученикот значително му опадне успехот.

(2) Одделенскиот, односно раководителот на паралелката повикува на советување најмалку еден родител, односно старател од ставот (1) на овој член со покана упатена преку телефон, по пошта или со лична достава.

(3) Ако поканата се однесува за асоцијално или антисоцијално однесување на ученикот, односно неморално или неетичко однесување на ученикот, пред да се испрати поканата се бара стручно мислење од Педагошката служба.

(4) Педагошката служба, во рок од десет дена од приемот на барањето доставува стручно мислење за однесувањето на ученикот од ставот (3) на овој член.

(5) Поканата за советување на родителот, односно старателот треба да биде нумерирана и да се достави најмалку осум дена пред одржувањето на советувањето.

(6) Формата и содржината на поканата за советување ја утврдува министерот.

(7) Ако родителот, односно старателот од оправдани причини не може да се јави на поканата должен е за отсуството да го извести одделенскиот, односно раководителот на паралелката, пред одржувањето на советувањето или во рок од три дена по советувањето.

(8) Одделенскиот, односно раководителот на паралелката го известува психологот, односно педагогот во училиштето за доставената покана за советување на родителот.

(9) Психологот, односно педагогот на училиштето изготвува неделен и месечен план за одржување на советувањето согласно основите од став (1) на овој член.

Член 58-б

(1) Советувањето од членот 58-а од овој закон го врши психологот во училиштето.

(2) Ако во училиштето нема вработено психолог, тогаш советувањето го врши педагогот.

(3) Ако во училиштето нема вработено психолог, односно педагог, тогаш за советувањето се определува педагог или психолог од друго средно училиште.

(4) Психологот или педагогот од ставот (3) на овој член за општинските средни училишта го определува општината, односно Градот Скопје, а за државните средни училишта го определува министерот, од редот на педагозите, односно психолозите од општината, односно Градот Скопје.

(5) Советувањето се врши во групи согласно неделниот и месечниот план од став (9) на член 58-а од овој закон.

(6) Бројот на родителите во групите не може да биде поголем од 20.

(7) Советувањето се реализира во два термина во траење од 60 минути.

(8) На советувањето на родителот односно старателот, педагогот, односно психологот е должен да постапува согласно Програмата за советување на родители, која на предлог на Педагошката служба ја донесува министерот.

(9) Психологот, односно педагогот при советувањето на родителите не смее да ја злоупотребува својата функција.

Член 58-в

(1) За одржаното советување на родителот, односно старателот, психологот, односно педагогот води записник со листа на присуство.

(2) Формата и содржината на записникот за советување ја утврдува министерот.

Член 58-г

Ако родителот, односно старателот повеќе од четири пати по било кој основ од член 58-а став (1) на овој закон, се повикува на советување, на секое следно советување присуствува и претставник од Педагошката служба.

Член 58-д

Ако родителот, односно старателот не се јави на советувањето и по третата покана се известува Центарот за социјални работи.

Член 58-ѓ

Педагошката служба, за родителите кои не се јавиле на поканата за советување и истите не го оправдале своето отсуство поднесува предлог за поведување на прекршочна постапка."

Член 5

Во член 59 ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Лице кое се стекнало со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, може да се вработи во средно училиште, само доколку се стекне со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи."

По ставот (5) се додаваат четири нови ставови (6), (7), (8) и (9), кои гласат:

„(6) Педагошко-психолошка и методска подготовка се стекнува преку следење на настава и полагање на испити.

(7) За положеноста на испитите од став (2) на овој член кандидатот се стекнува со 30 кредити според ЕКТС.

(4) Акредитација на високообразовни установи кои ќе вршат настава и полагање на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка врши министерот.

(9) Начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко-психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи од став (3) на овој член ја пропишува министерот."

Ставовите (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15) и (16) стануваат (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19) и (20).

Член 6

Во член 67 по ставот (2) се додаваат пет нови ставови (3), (4), (5), (6) и (7) кои гласат:

„(3) На приправникот по истекот на приправничкиот стаж, а пред полагањето на стручен испит, му се врши проценка на карактеристиките за

подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста).

(4) Приправникот полага стручен испит само ако има положено тест на личноста.

(5) На приправникот кој го положил тестот на личноста Педагошката служба му издава потврда.

(6) Формата и содржината на потврдата од став (14) на овој член ја утврдува министерот, на предлог на Педагошката служба.

(7) Тестот на личноста го подготвува и спроведува Педагошката служба..“

Ставот (3) станува став (8).

Член 7

Во член 70 во ставот (1) по зборот „обврски“ се додаваат зборовите „преку вршење на проценка на карактеристики на вработениот за подобност со работа со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста).“

Член 8

Во член 74 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Дневникот на паралелката задолжително се води и во електронска форма (е-дневник) преку веб апликација која ја администрира Министерството.“

Ставот (4) станува став (5).

Член 9

Во член 93-в во ставот (1) по зборот „Градоначалникот“ се става запирка и се додаваат зборовите “а за државните средни училишта министерот,“.

Член 10

Во член 108 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот просветен инспектор или овластениот инспектор на општината, односно на градот Скопје утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членот 109 ставови (1) и (2) на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената

неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или средното училиште каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.“

Член 11

Во член 109 во ставот (2) се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- не истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот не го достави до Државниот просветен инспекторат (член 51-б став (1)), “

По ставот (8) се додаваат два нови става (9) и (10), кои гласат:

„(9) Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска против вредност ќе му се изрече на родителот, односно на старателот за прекршок ако не се јави во утврдениот термин за советување по втората упатена покана (член 58-а став (2) ).

(10) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска против вредност ќе му се изрече на родителот, односно на старателот за прекршок ако не се јави во утврдениот термин за советување по третата упатена покана (член 58-а став (2) ).“

Член 12

Подзаконските акти предвидени во овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за средното образование.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен одредбите од членовите 2, 3 и 8 од овој закон кои ќе се применуваат од 1 септември 2011 година и одредбите од членовите 4, 5, 6 и 7 кои ќе се применувааат од 1 јануари 2012 година.

.

.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

Со членот 1 од Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование на членот 10 се додава нов став 7 со кои се дава можност општината, односно Владата на Република Македонија да основа меѓународно јавно училиште во кое наставате ќе се остварува на странски јазик, а со цел учениците уште од прво одделение да започнат со интензивно изучување на странскиот јазик преку следење на наставата по сите наставни предмети.

Со членот 2 со кои се додава нов член 48-а со кој се пропишува за кои ученици дополнителната настава е задолжителна, како и дека ученикот упатен на дополнителна настава во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмногу по два наставни предмети со најмногу четири наставни часови по наставен предмет. За упатувањето на ученикот на дополнителна настава наставникот задолжително го известува неговиот родител, односно старател.

Со членот 3 се додава нов член 51-а со кој се регулира дека додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Додатната настава за талентираните ученици наставникот е должен да им ја понуди, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатна настава. Се додава нов член 51-б со кој се задолжува средното училиштето најдоцна до 20 септември во тековната учебна година да истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот да го достави до Државниот просветен инспекторат. Исто така се пропишува дека наставникот кој нема да ја реализира дополнителна и додатна настава согласно распоредот ќе се поведе постапка за дисциплински престап. За утврден дисциплински престап на наставникот ќе му се изрекче дисциплинска мерка парична казна од 10 % до 30% од едномесечниот износ на нето платата исплатена на јавниот службеник во месецот пред извршување на дисциплинскиот престап, во траење од три до шест месеци.

Со членот 4 од овој закон се додаваат нова глава V-а „Советување на родители“ и шест нови члена 58-а, 58-б, 58-в, 58-г, 58-д и 58-ѓ, кои пропишуваат

дека родител односно старател ќе се упати на советување ако ученикот во текот на наставната година имал негативна оценка по три или повеќе предмети, ако ученикот имал направено одреден број неоправдани или оправдани изостаноци; ако ученикот бил недисциплиниран; ученикот го навредил наставникот; ученикот учествувал во тепачки или други форми на насилство; ученикот покажувал асоцијално или антисоцијално однесување; ученикот се однесувал неморално или неетички; во краток период на ученикот значително му опаднал успехот. Во наведениве случаи одделенскиот, односно раководителот на паралелката задолжително повикува на советување најмалку еден родител, односно старател на ученикот со покана упатена преку телефон, по пошта или со лична достава. Ако поканата се однесува за асоцијално или антисоцијално однесување на ученикот, односно неморално или неетичко однесување на ученикот, пред да се испрати поканата се бара стручно мислење од Педагошката служба (член 58-а).

Со членот 58-б се регилира дека советувањето на родителите го врши психологот во училиштето, а ако во училиштето нема вработено психолог, тогаш советувањето го врши педагогот. Советувањето се врши во групи согласно неделниот и месечниот план и бројот на родителите во групите не може да биде поголем од 20. Советувањето се реализира во два термина во траење од 60 минути. На советувањето на родителот односно старателот, педагогот, односно психологот е должен да постапува согласно Програмата за советување на родители, која на предлог на Педагошката служба ја донесува министерот.

За одржаното советување на родителот, односно старателот, психологот, односно педагогот води записник со листа на присуство (член 58-в). Ако родителот, односно старателот повеќе од четири пати се повикува на советување, на секое следно советување присуствува и претставник од Педагошката служба (член 58-г). Ако родителот, односно старателот не се јави на советувањето и по третата покана се известува Центарот за социјални работи (член 58-д). Педагошката служба, за родителите кои на се јавиле на поканата за советување и истите не го оправдале своето отсуство поднесува предлог за поведување на прекршочна постапка (член 58-ѓ).

Со членот 5 од овој закон со кој се менува ставот 5 на членот 59 се пропишува дека лицето кое се стекнало со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, може да се вработи во средно образование само доколку се стекне со педагошко-психолошка и

методска подготовка на акредитирани високообразовни установи. Акредитација на високообразовни установи кои ќе вршат настава и полагање на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка ја врши министерот за образование и наука.

Со членот 6 во членот 67 по ставот (2) се додаваат нов ставови (3), (4), (5), (6) и (7) со кој се регулира дека на приправникот по истекот на приправничкиот стаж, а пред полагањето на стручниот испит, му се врши проценка на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста). Услов за полагање на стручен испите е приправникот да има положено тест на личноста, за што Педагошката служба му издава потврда.Тестот на личноста го подготвува и спроведува Педагошката служба.

Со членот 8 се воведува обврска за основното училиште дневникот на паралелката да го води и во електронска форма (е-дневник).

Со членот 9 се регулира правна празнина, односно се уредува дека за државните средни училишта министерот именува вршител на должноста директор во случаите кога на директорот предвремено му е прекинат мандатот.

Со членот 10 се допрецизира одредба од членот 108, односно се допрецизира дека едукацијата за сторена неправилност ќе се врши само доколку лицето за прв пат ја направило.

Се додава и нова алинеја и нови ставови во делот на прекршоците во членот 109 од законот, односно ќе се казни средното училиште и директорот ако не истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот не го достави до Државниот просветен инспекторат. Исто така глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родителот, односно на старателот ако не се јави во утврдениот термин за советување по втората упатена покана и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родителот, односно на старателот ако не се јави во утврдениот термин за советување по третата упатена покана (член 11).

Со членот 12 се утврдува рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон за донесување на подзаконските акти предвидени во овој закон.

Со оглед дека со овој закон се врши четврто изменување и дополнување на одредбите на Законот за средното образование со членот 13 се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да

утврди пречистен текст на Законот за средното образование. Со членот 14 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за средното образование се врши изменување и дополнување на членовите 10, 48, 51, 58, 59, 67, 70, 74, 108 и 109 решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Изменувањето и дополнувањето на Законот за средното образование е со цел за натамошно развивање и подобрување на системот на средното образование со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи поголем развој на воспитната компонента во реализацијата на средното образование, а со тоа и зголемување на квалитетот на образованието.

.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 10

(1) Средно општинско училиште може да основа општината.

(2) Одлука за основање на средно општинско училиште донесува советот на општината по претходно прибавено мислење од Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата).

(3) Средно училиште на Градот Скопје може да основа Советот на Градот Скопје.

(4) Одлука за основање на средно училиште на Градот Скопје донесува Советот на Градот Скопје по предлог на советот на општината, а по претходно прибавено мислење од Владата.

(5) Државно средно училиште основа Владата.

(6) Приватно средно училиште може да основа домашно и странско правно и физичко лице врз основа на одобрение, согласно со овој закон.

Член 48

(1) Учениците кои по завршувањето на учебната година имаат три и повеќе негативни оценки не ја завршуваат годината.

(2) Годината не ја завршуваат и учениците кои на поправниот испит во вториот испитен рок добиле негативна оценка или неоправдано не се јавиле на поправниот испит. Овие ученици имаат право повторно да се запишат во истата година.

(3) Ученикот кој во последната година од образованието на крајот од учебната година има најмногу две негативни оценки, може да ги полага поправните испити и по вториот испитен рок.

Член 51

Телесното казнување и психичкото малтретирање на ученикот е забрането.

Член 58

Начинот за изрекување на педагошките мерки поблиску се утврдува со упатство што го донесува министерот.

Член 59

(1) Воспитно-образовната работа во средното образование ја остваруваат наставници, воспитувачи и стручни соработници (педагог, психолог, дефектолог, социолог, лаборант, библиотекар и друго).

(2) Наставници во средното образование можат да бидат лица кои завршиле соодветни студии за образование на факултет, висока школа или академија и имаат положено стручен испит.

(3) Наставници во средното образование можат да бидат лица кои завршиле соодветни додипломски студии на факултет и стекнал звање "Bachelor" и имаат положено стручен испит.

(4) Наставници во средното образование можат да бидат и лица кои завршиле додипломски студии на факултет, стекнал звање "Bachelor" и педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветни факултети и имаат положено стручен испит.

(5) Наставници во средното образование можат да бидат и лица кои имаат соодветно високо образование стекнато на други факултети а се здобиле со педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветни факултети и имаат положено стручен испит, доколку не се исполнети условите од став 2 на овој член.

(6) Наставници во средното образование за ученици со посебни образовни потреби можат да бидат лица со завршено високо образование од ставовите 2 и 3 на овој член, а кои се здобиле со соодветно дефектолошко образование и имаат положено стручен испит.

(7) Одредбата на став 4 од овој член не се однесува на затекнатиот наставновоспитен кадар со работно искуство над десет години во средното образование за ученици со посебни потреби, кои претходно не се здобиле со дефектолошко образование.

(8) По исклучок, во средното стручно образование, за практичната настава наставници можат да бидат и лица кои завршиле специјалистичко средно или више образование се здобиле со педагошка, психолошка и методска подготовка на

соодветни факултети и имаат положен стручен испит.

(9) По исклучок, во средното балетско образование по стручно теоретската и практичната настава наставници можат да бидат и лица кои завршиле средно балетско училиште и пет години практика во играње балет, а се здобиле со педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет и имаат положено стручен испит.

(10) Програмите за педагошка, психолошка и методска подготовка, како и за соодветно дефектолошко образование од став 4 на овој член ги изготвува соодветниот наставнички факултет во соработка со Биро за развој на образованието.

(11) Видот и степенот на стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно-образовна дејност се утврдуваат со норматив за наставен кадар во средното образование, што го донесува министерот.

(12) Стручни соработници во средното образование можат да бидат лица со завршено соодветно средно, више и високо образование. Соодветноста на профилот се утврдува со плановите и програмите.

(13) Воспитувачи во ученички дом можат да бидат лица кои ги исполнуваат условите за наставник, педагог или психолог во средното образование.

(14) Наставниците и воспитувачите од ставовите 2, 3, 4, 5, 6 и 9 на овој член треба да се државјани на Република Македонија и да го владеат литературниот јазик и писмото на кој ја изведуваат наставата.

(15) Во приватното средно училиште, за предметите за кои наставата се изведува на странски јазик, наставници можат да бидат и лица странски државјани кои имаат соодветен вид образование под услов утврдени со закон.

(16) Училиштето е должно да организира проверка на наставникот за владеење на јазикот од став 10 на овој член. Проверката ја врши комисија.

Член 67

(1) Приправникот во јавното училиште полага стручен испит.

(2) Стручниот испит се полага според утврдена програма пред стручна комисија образована од Министерството.

(3) Поблиски прописи за условите и начинот на полагање на стручниот испит во јавното училиште донесува министерот.

Член 70

(1) За наставниците и стручните соработници кои во остварувањето на воспитнообразовниот процес не покажуваат задоволителни резултати, Бирото за развој на образованието, Советот на родители и Државниот просветен инспекторат покренуваат иницијатива до училишниот одбор за преиспитување на нивната способност за реализација на работните обврски.

(2) Бирото за развој на образованието, советот на родителите и Државниот просветен инспекторат ја покренуваат иницијативата од ставот 1 на овој член до училишниот одбор и за наставници во Јавните средни училишта кои вршат подготовки на учениците кои следат настава во училиштето, во текот и по работното време во училиштето, без претходно добиена согласност од училишниот одбор.

(3) Иницијативата од ставовите 1 и 2 на овој член мора да содржи образложение на причините поради кои се покренува.

(4) Доколку ја прифати иницијативата од ставовите 1 и 2 на овој член училишниот одбор до директорот поднесува предлог за престанок на работниот однос на лицата од став 1 на овој член.

(5) Директорот врз основа на негативните резултати од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници од член 69 став 8 на овој закон донесува акт за престанок на работниот однос на наставникот и стручниот соработник.

(6) Против актот на директорот од ставот 5 на овој член наставникот и стручниот соработник може да поднесе тужба до надлежен суд.

Член 74

(1) Педагошката документација во средните училишта се води и издава на македонски јазик со употреба на кирилското писмо.

(2) За припадниците на заедниците кои наставата ја следат на јазик различен од македонскиот јазик, педагошката документација се води и издава на македонски јазик со употреба на неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на кој се изведува наставата.

(3) Дневникот на паралелка се води на јазикот и писмото на кој се изведува наставата.

(4) За учениците во приватните средни училишта со настава на странски

јазик, дипломата и свидетелството се издаваат на македонски јазик со употреба на кирилското писмо и на јазикот и писмото на кој се изведува наставата.

Член 93-в

(1) Градоначалникот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот именува вршител на должноста директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор.

(2) Вршителот на должноста директор ги врши работите до именувањето на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.

Член 108

(1) За извршување на законите и другите прописи од областа на средното образование во средните училишта се врши инспекциски надзор.

(2) Инспекциски надзор врши Државниот просветен инспекторат и овластени инспектори на општината, односно Градот Скопје на начин утврден со закон.

(3) Државниот просветен инспекторат врши и надзор над квалитетот на воспитно-образовниот процес во средните училишта.

(4) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот просветен инспектор или овластениот просветен инспектор на општината, односно на градот Скопје утврди дека е сторена неправилност од член 109 ставови (1) и (2), должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или средното училиште каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор . (5) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот.

(6) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор на општината/ градот Скопје кој што го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(7) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица односно едно или повеќе средни училишта.

(8) Доколку во закажаниот термин лицето или средното училиште над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(9) Доколку лицето или средното училиште над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(10) Доколку државниот просветен инспектор, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(11) Доколку државниот просветен инспектор, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став (1) од овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(12) Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје кој што го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.

Член 109

(1) Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот на малолетниот ученик ако ученикот не е запишан во средно училиште или нередовно го посетува училиштето (член 3 став 1).

(2) Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на средното училиште ако:

- внесува погрешни податоци во интегрираната база на податоци (член 9-а);
- не користи информатичка опрема во наставата (член 21 став 4).

(3) Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на средното училиште за дејствијата од став (2) на овој член.

(4) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот во средното училиште за дејствието од став (2) алинеа 2 на овој член.

(5) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на средното училиште ако:

- не внесува податоци во интегрираната база на податоци (член 9-а);
- запише ученик преку бројот утврден во конкурсот за запишување (член 42);
- не склучи нов договор за работа со наставник (член 72 став 2);
- ја води и издава педагошката документација спротивно на членовите 73 и 74 на овој закон.
- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето (член 93 став 1 алинеа 5);

(6) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на средното училиште за дејствијата од став (5) на овој член.

(7) Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот во средното училиште за дејствието од став (5) алинеа 4 на овој член.

(8) Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот во средното училиште ако не ја реализира наставата интерактивно (член 69-а став 1).